РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-14/4**

**Скопје, 17.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**

**НА ЛОКАЛНА САМОУПРВА ОХРИД**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на Општина Охрид за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Александар Петрески, Градоначалник на општина Охрид, од 01.04.2005 година.

4. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

5. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 26.09 2006 до 27.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

6. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации на општина Охрид на ден 31 декември 2005 година постојат неискористени средства од корисниците во износ од 357 илјади денари. Овие средства иако се планирани во финансиските планови на корисниците истите не се потрошени иако буџетската година е завршена што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Непотрошените средства се резултат на ненавремено доставени фактури за комуналии за месец декември 2005 година кон корисниците.
**Препорака:**
Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиските планови на корисниците на тие средства. Корисниците на наменските дотации да се залагаат за навремено добивање на фактурите за исплата на трошоците по основ на комуналии.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации на Општина Охрид на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката на Наменски дотации на Општина Охрид остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Ревизијата смета за потребно да го обелодени следново:

13.1. Од општина Охрид, за потребите на основните и средните училишта во општината, спроведена е јавна набавка за набавка на масло за греење-екстра лесно гориво, а согласно одредбите од Законот за јавни набавки. По издадената согласност училиштата сами да склучат поединечни договори со добавувачот, склучени се трипартитни договори со Макпетрол АД Скопје (ова е направено со цел утврдување на роковите на достава на горивото спрема потребите и можностите за складирање на поединечните корисници).

Согласно член 7 од склучените договори, маслото е набавувано по цени утврдени согласно Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати кои важеле на денот на испорака. Вака договорената цена е спротивна на понудената цена од страна на Макпетрол АД Скопје, а согласно понудата бр. 0702-6432/1 од 29.08.2005 година, при што направени се поголеми расходи од предвидените за оваа намена.

**Скопје, 05.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | **10,987** | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **10,987** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | **10,630** | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10,630** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **10,630** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **357** | **0** |

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | **357** | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **357** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **357** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | **357** | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **357** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **357** | **0** |